Влада на Република Северна Македонија

**Генерален секретаријат**

Арх. број: 44-8498/2

Датум: 12-09-2024

ПРАВИЛНИК

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019 и 110/2019), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2019 и 14/2020), а во врска со Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.217/2021 и 159/2022), генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување на Правилникот за внатрешна организација во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**

Член 1

Со овој правилник се врши измена на Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/2 од 9.6.2015 година и Правилникот за изменување на Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија број 04-4101/3 од 2.4.2021 година.

Член 2

Во член 5, став 1, во точка 2 Сектор за нормативно правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата, зборовите „нормативно правни“ се бришат.

Член 3

Во член 18, точка 2 Сектор за нормативно правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата, во целиот текст зборовите „нормативно правни“ се бришат.

Член 4

Во член 19, став 1 зборовите „нормативно правни“ се бришат.

Член 5

Согласно утврдените измени и дополнувања во овој Правилник се прават промени и во Органограмот кој е составен дел на Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација и со објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Игор Јанушев
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

# ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- **ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
- **Државни советници**
- **Сектор за внатрешна ревизија**
  - Одделение за ревизија на усогласеност (регуларност), ревизија на системите за внатрешна контрола и ИТ ревизија
  - Одделение за финансиска ревизија и ревизија на успешност на работењето
  - Одделение за следење на препораките на Државниот завод за ревизија
- **Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар, заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и министрите без ресор**
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на заменикот на генералниот секретар
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор (Декада на Ромите)
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за промоција на деловната клима за привлекување странски инвестиции
  - Одделение за организациона и логистичка поддршка на министерот без ресор, задолжен за привлекување на странски инвестиции
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и промоција на бизнис-климата на Република Северна Македонија
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот координатор за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија
- **Сектор за работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата**
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за политички систем
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за економски систем и тековна економска политика
  - Одделение за стручно-организациона и логистичка поддршка на Генералниот колегиум на државните секретари
  - Одделение за записници, заклучоци и други акти на Владата
  - Одделение за соработка со Собранието на Република Северна Македонија и Претседателот на Република Северна Македонија
  - Одделение за затворени седници
- **Сектор за организациони работи, прием и достава на материјали во владина постапка**
  - Одделение за прием на материјали во владина постапка
  - Одделение за достава на материјали во владина постапка
- **Сектор за стратегија, планирање и следење**
  - Одделение за стратешко планирање и следење
  - Одделение за подготовка и следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата
- **Сектор за анализа на политиките и координација**
  - Одделение за следење и квалитетно спроведување на ИСО стандардите и заедничката рамка за проценка (ЦАФ)
  - Одделение за соработка со невладини организации
  - Одделение за ИПА
- **Сектор за човечки ресурси**
  - Одделение за управување со човечки ресурси
  - Одделение за оценување и стручно оспособување
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за именување
- **Сектор за финансиски работи**
  - Одделение за координација и подготовка на буџет, контрола на финансиската документација и следење на реализација на буџетот
  - Одделение за сметководство и плаќања
- **Сектор за јавни набавки**
  - Одделение за спроведување постапки за јавни набавки
  - Одделение за планирање на јавните набавки и следење на реализацијата на договорите
- **Сектор за правни работи**
  - Одделение за нормативно-правни работи
  - Одделение за претставки и предлози, и информации од јавен карактер
  - Одделение за посебни комисии
- **Сектор за координација со проекти и други стручни работи**
  - Одделение за стручна подготовка и координација на проекти
  - Одделение за други стручни работи од делокругот на работа на Генералниот секретаријат
- **Сектор за информатичка технологија**
  - Одделение за организација, планирање, проектирање и развој
  - Одделение за информатичка инфраструктура и експлоатација
  - Одделение за веб и мултимедија
- **Сектор за документација и библиотека**
  - Одделение за канцелариско и архивско работење
  - Одделение за библиотекарско работење и публикации
- **Сектор за протокол и преведување**
  - Одделение за протокол
  - Одделение за преведување
- **Сектор за односи со јавноста**
  - Одделение за односи со медиумите, координација и организација на информативните активности
  - Одделение за медиумско следење, анализа и истражување
  - Одделение за интернет комуникација и комуникација со странски медиуми
  - Одделение за информативно-промотивна дејност
- **Сектор за општи работи**
  - Одделение за општи и нормативни работи
  - Одделение за стручни и административно-технички работи
  - Одделение за заеднички работи
  - Одделение за одржување и ракување со техничка опрема
  - Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комитетот за водење истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем
- **Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции**
  - Одделение за тековни економски политики
  - Одделение за регионален и одржлив развој
  - Одделение за следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународна заедница
  - Одделение за структурни реформи и регулатива
  - Одделение за јавно приватно партнерство и инвестиции
  - Одделение за стручно-оперативна поддршка на Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 20-09-2024
Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
44-8498/4

**До: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**

**Архивски број**: 09- 1217/2
**Датум:** 17.09.2024

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Министерството за јавна администрација дава:

## С О Г Л А С Н О С Т
**на**

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,** со архивски број **44-8498/2** од **12.09.2024** година; и
2. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,** со архивски број **44-8498/1** од **12.09.2024** година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,** поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.


Министерство за јавна администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Министерството за јавна администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**, со архивски број 44-8498/2 од 12.09.2024 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**, со архивски број 44-8498/1 од 12.09.2024 година.

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Подготвил: Елена Панова


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk